Александар АПОСТОЛОВ

# ЕДЕН НЕОБЈАВЕН ФРАНЦУСКИ ДОКУМЕНТ ОД 1916 ГОДИНА ЗА БАЛКАНОТ И АВТОНОМИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

## УВОД

Балканскиот Полуостров заземаше централно место во дипломатската борба што ја водеа помеѓу себе силите на Антантата и Централните сили во почетокот на втората декада од XX век. Неговата географска положба и воено-стратегиската важност беа од животен интерес и за двата империјалистички блока. Германскиот „Пробив кон Исток" водеше по единствено можната магистрала од Централна Европа преку Белград—Софија—Цариград—Багдад, или по Моравско-вардарската долина до Солун и натаму (по море) кон Блискиот Исток. Интересите на Франција и Англија се сведуваа на тоа да го зачуваат и зацврснат своето влијание на Балканот за успешно да ги штитат своите колонии на Блискиот Исток, кон кои се стремеше германскиот империјализам.

Балканските монархии сè уште не беа наполно и трајно врзани за овие два империјалистички блока, па имаа маневарски простор за дипломатски комбинации околу делбата на преостанатите турски владеења на Балканот. Со поткрепа на Русија и со согласност на Англија и Франција се создаде сојуз меѓу балканските држави во 1912 година. Силите на Антантата сметаа дека ќе можат Балканскиот сојуз да го искористат како пречка на германскиот „Пробив кон Исток", но настаните што уследија уште истата и наредната 1913 година добија неочекуван и неповолен тек за Тројната спогодба. — Во Балканската војна Турција беше победена. Неочекуваниот успех што балканските држави го постигнаа во оваа војна, предизвика донекаде завист кај некои членки од Антантата.

Но со растењето на воената сила на балканските монархии растеа и нивните територијални апетити при делбата што требало да уследи по војната. Во критичната ситуација што потоа настана во односите меѓу балканските држави, силите на Антантата не се покажаа доволно енергични за да им наложат на балканските сојузници какво годе решение на никнатиот спор околу дележот на

Македонија. Ова беше удобен момент за дејство на Централните сили. Во вака неизвесната ситуација, кога војските на довчерашните сојузници стоеја на демаркационите линии свртени едни против другите, Лондонскиот мировен договор не беше никаква гаранција за успешно и трајно решение на прашањето за судбината на Македонија.

При ваквата состојба на работите Австро-Унгарија ја искористи инертноста на Антантата и стана иницијатор за меѓусојузничката Балканска војна. По оваа војна дојде фаталниот за Македонија Букурешки мир за да ја распарча, но едновремено и да го фрли семето на натамошниот немир и на нови искушенија и крвави пресметнувања на Балканот.

Балканските војни предизвикаа нови прегрупирања на балканските држави спрема двата империјалистички лагера. Иако, „Франција и Турција ги поврзуваа стари традиции и интереси", по поразот на Турција во Балканската војна таа стана „природен" сојузник на Централните сили.[1])

„Се зборуваше дека и Бугарија исто така имала договор со Австрија што бил потпишан утредента по Букурешкиот мир. Нека не се заборава дека за време на ревизијата на бугарскиот устав царот си го беше присвоил правото да склучува дипломатски договори на своја одговорност за доброто на државата".[2])

При вака изменетата ситуација на Балканот (на штета на Антантата), започна Првата светска империјалистичка војна.

Турција како „природен сојузник" на Централните сили стапи во војна на нивна страна. Ако е точно дека бугарскиот монарх потпишал таен договор со Австро-Унгарија (како што претполагаа Французите), тогаш и официјална Бугарија неофицијално се определила за Централните сили. „Букурешкиот мир ги потврди грешките и недоразбирањата на Антантата. Тој за секогаш го разби Балканскиот сојуз, под изговор да создаде балканска рамнотежа. Определува неприфатливи граници коишто, штом ќе се видат на карта, ќе се установи колку се несигурни. Како од задоволство да сее конфликти за иднината".[3])

Откако започна Првата светска војна, Бугарија го уверуваше светот, а особено Антантата дека ќе остане неутрална. Силите на Антантата постојано настојуваа по дипломатски пат да ја привлечат Бугарија на своја страна, а истовремено вршеа притисок на Србија да се согласи на Бугарија да ѝ ја отстапи Македонија според договорот од 29 февруари 1912 година.[4])

---

[1] Les Archives du Minispre des affaires Guerre 1914 — 1918, Balkans, dossier général, Paris, l'Avenir balkanigue, p. 141.

[2] Исто, стр. 143.

[3] Исто, стр. 142.

[4] Постојат бројни документи — Dossier général vol. 1, 2, 3, 4 и 5 во кои се нудат најразлични комбинации со Македонија за да се привлече Бугарија кон Антантата.

Романија на пр. предлага Македонија источно од Вардар да се отстапи на Бугарија или да се стационира во неа жандармерија на Антантата, vol. 3 стр. 157:

Сите вакви и слични понуди од страна на сојузниците владата на Никола Пашиќ постојано ги одбивала. Во еден одговор на сојузниците Српската влада била крајно категорична велејќи: „Ние побргу би се согласиле да им го предадеме Белград на Австријците одошто Македонија на Бугарите.“[5]) Но и во ваквата крајно неповолна ситуација постоела надеж кај Антантата дека е можно да се обнови Балканскиот сојуз.[6]) Француско-бугарскиот комитет во Париз исто така барал да се обнови Балканскиот сојуз и да се изврши ревизија на Букурешкиот мировен договор врз база на Санстефанскиот договор.[7])

На обидите на Антантата, кои што наидувале на отпор од страна на Србија по прашањето за обнова на Балканскиот сојуз под условите што ѝ ги поставувале сојузниците, се противела и Грција по однос создавањето словенски сојуз на Балканот.[8])

Со влегувањето на Бугарија во Првата светска војна на страната на Централните сили, ситуацијата на Балканот станала комплицирана но јасна — Моравсковардарската долина и солунското пристаниште биле загрозени од Централните сили. Требало итно да се дејствува, со антантините војски што во пролетта 1915 година се истовариле во Солун.[9]) Претседателот на српската влада Никола Пашиќ бара од Француската влада да му нареди на генералот Сарај да испрати француски војски од Солун во Вардарска Македонија.[10]) Францускиот генералштаб му наредува на генералот Сарај на 13 октомври 1915 година (кога Бугарија ѝ објавила војна на Србија) да ја премине со војска српската граница и да ја штити од бугарската војска железничката линија Солун—Скопје. Утредента, на 14 октомври, започнало префрлувањето на 60.00 француски војници и 20.000 коњи во Вардарска Македонија.[11])

По двомесечни крвави борби со бугарските војски француските и англиските војски се повлекле и на 12 декември 1915 година ја преминале границата и се нашле на грчка територија.[12])

Во овој критичен момент Французите особено биле огорчени од, речиси, непријателското држање на грчката влада спрема нив и спрема своите српски сојузници.[12]а)

---

Русија бара од Англија и Франција да ја наговорат Србија да ја отстапи Македонија на Бугарија според договорот од 29-II-1912 година, а во замена Србија ќе ги добие Босна и Херцеговина, дел од Далмација до Сплит и дел од Албанија, vol. 3 стр. 159. За вакви и слични комбинации со Македонија од тоа време постојат бројни документи и во Архивот на Југославија — Белград, Фонд 80.

[5] Исто, vol. 2, стр. 63.

[6] Исто, vol. 2, стр. 1, Извештај од 1-XI-1914.

[7] Исто, vol. 3, стр. 155—156, документ од 12-I-1915.

[8] Исто, vol. 3, стр. 167.

[9] Opérations contre la Bulgarie, carton XIII, dossier XIV, c. 215—217.

[10] Исто, carton 8, dosster 1, стр. 289.

[11] Исто, стр. 294, 327.

[12] „Ilustration“, јануари 1916, Paris, стр. 21.

[12]а Грција барала војските на Антантата да ја напуштат нејзината територија carton IX, dos. III, c. 233.

Во пролетта 1916 година војските на Антантата и српската војска го формирале Македонски фронт (Солунски фронт).[13])

* * *

Сè до започнувањето на решителната и последна офанзива од страна на силите на Антантата на овој фронт во септември 1918 година, воените штабови и на француската и на српската војска се наоѓале во Солун и биле упатени на меѓусебни чести контакти. Односите меѓу главниот командант на силите на Антантата францускиот генерал Сарај, и по него и генералот Гијома,[14]) од една страна, и српската воена команда на чело со регентот Александар Караѓорѓевиќ, од друга страна, не само што не биле добри, туку повремено станувале сосема лоши. Тие меѓусебни недоразбирања произлегувале, како што може да се констатира од некои француски документи, воглавно по прашањето за повоеното устројство на Македонија. За ова прашање се расправало и во круговите од офицерскиот кор што го опкружувал главниот командант на фронтот генералот Сарај. Ова било дотаму јавно и очевидно што Српската влада протестирала заради тоа што „офицерите околу генералот Сарај зборувале дека на Македонија треба да ѝ се даде автономија“.[15]) За неслогата меѓу генералот Сарај и Српската воена команда се зборува и во неколку други документи од 1917 година.[16]) Кога генералот Сарај бил сменет, а на негово место дошол генералот Гијома, пак избил конфликт, овој пат меѓу него и регентот Александар.[17]) Брзото сменување и на овој француски генерал и доаѓањето на генералот Франше д'Епере, по укажувањето на некои документи, изгледа дошло како резултат на конфликтот меѓу него и регентот.

Кои се причините за ваквите конфликти меѓу „најблиските“ сојузници во Првата светска војна — Република Франција и Кралството Србија, од кои средини потекнувале и каков епилог имале, тоа се прашања со кои не се занимавала буржоаската историографија, иако за Првата светска војна има пишувано томови книги на повеќе јазици. На овие прашања донекаде дава одговор овој документ што го прилагаме и други што првпат ги користиме во овој прилог.

Најбитните причини за француските односи кон нејзините балкански сојузници и непријатели лежеле во економските инте-

---

[13] Во сите наведени француски извори овој фронт се именува како „Македонски".

[14] Генералот Сарај е заменет од генералот Гијома (Guillaumat) на 23 декември 1917 година. По него, во 1918 година доаѓа генералот Franše d·Epere, carton XIII, dossier XIV, стр. 228.

[15] Les Archives du Ministére des affaires étrangéres — Paris, Фонд: Guerre 1914—1918, Operatins contre la Bulgarie, carton XII, dossier XIII, стр. 96.

[16] Исто, carton XIII, dossier XIV, стр. 29, 60—61, 65—67, 69—70; carton XIII, dossier XV, стр. 97—103.

[17] Исто, стр. 117—119.

реси на Франција што ги имала во Турција, респективно во Македонија до балканските војни. Делењето на Македонија меѓу балканските држави по меѓусојузничката балканска војна никако не ѝ одело во интерес на Франција од економски, политички или воен аспект. За Франција било неизвесно што ќе се случи при нововонастанатата ситуација со нејзиниот капитал што бил вложен во Македонија, а истовремено, оправдано била загрижена под чие економско и политичко влијание ќе потпадне Македонија до колку таа биде истисната од неа и од Балканот. На Франција најмалку ѝ одело во интерес на Балканот да преовладее Германија, односно Австро-Унгарија. Франција исто така не би се согласила нејзиното место да го заземе „големиот сојузник", Царска Русија, која исто така имала аспирации за влијание на Балканот. Франција не била рамнодушна ни со можноста на Балканот да се создаде релативно голема сила од балканските држави со присвојувањето на целосна Македонија зашто: „Што ќе се случи со Македонија, целиот балкански проблем е во тоа", како што се вели во документов на стр. 160.

Франција не била сентиментална спрема своите сојузници кога биле во прашање нејзините интереси на Балканот. Републиканска Франција не можела да има кој знае какви симпатии ниту спрема монарсите во балканските кралства коишто воглавно биле туѓинци наложени отстрана да владеат во балканските земји. Гледајќи подалеку од другите интересенти за балканското прашање во иднина, Франција наоѓала единствено решение на ова прашање во ОДЗЕМАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА ОД ТРИТЕ БАЛКАНСКИ МОНАРХИИ И СОЗДАВАЊЕ ПОСЕБНА ДРЖАВА ОД НЕА ВО РАМКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈА ВО КОЈА ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ ВЛЕЗЕ КРАЛСТВОТО СРБИЈА, ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ПОКРАИНИ И РОМАНИЈА. Што се однесува до Бугарија, Франција сметала дека и таа подоцна ќе се приклучи кон федерацијата.

Кога ќе ги оставиме настрана интересите на Франција, што не се ни примарни за суштината на македонското прашање, се наметнува прашањето што има овдека првостепена важност? Кои се елементите што би оделе во прилог на француската замисла дека може да се создаде автономна Македонија? Ќе тргнеме од тоа дека на Франција не ѝ била непозната Македонија ни пред првата светска војна. Потоа, во текот на борбите на теренот на Вардарска Македонија, десетици илјади француски војници можеле да се уверат дека населението од Македонија се разликува од населението на соседните држави. Можеби како најочигледен доказ за неприврзаноста на Македонците ниту кон една од балканските земји под чија управа се нашле, било масовното дезертирање на Македонските војници од српската, бугарската и грчката војска (иако последнава сè уште не била ангажирана во војната во првите години). За масовните дезертирања од српската војска веќе е познато, а за таквото дезертирање од бугарската и

грчката војска на Македонци се зборува во многубројни француски документи што се наоѓаат во военият архив во Париз.[18]) Вистина, меѓу дезертерите имало и Бугари, но во нивните искази пред француските воени власти побудите и причините се разликуваат (за овој рискантен чекор кој во војната повлекува само смртна казна) од побудите и причините што за ова ги искажувале некои Македонци.[19]) Се знае и тоа дека како резултат на загубите и дезертирањата што ги имаше таканаречената 11 македонска дивизија што се бореше во составот на бугарската војска на теренот на Вардарска Македонија токму против Французите, беше и нејзиното повлекување од фронтот и заменување друга таква единица составена од војници од „стара Бугарија".[20])

Присуството на антантините војски во Егејска Македонија беше искористено и за пропаганди по однос на Македонија. „Македонија не беше само место на воените судрувања, туку таа стана центар на тивка пропагандна активност, особено на теренот на кој беа дислоцирани сојузничките трупи. Планерите и интересентите на идните повоени односи во прв ред Франција, Србија, Италија, а донекаде и Англија, испитуваа разни можности и применуваа разни средства . . . за да ги обезбедат своите повоени интереси".[21]) Франција уште во 1916 година беше основала Трговско биро при командата на Источната армија. Бирото веднаш почнало да издава свој орган — „Bulletin commercial de Macédoine."[22]) Освен тоа „на теренот на Македонија постојано се сретнуваат стручњаци од разни области: хидролози, географи, историчари, лингвисти итн. обично професори на Парискиот или на други француски универзитети, кои организираат и спроведуваат разни видови проучувања . . . притоа служејќи се со масовни средства за ангажирањето на ВТОРОТО БИРО (подвлекол — А. А.) на својата армија."[23])

Документов што овде го приложуваме произлегува токму од Второто биро на француската армија во Солун, а потекнува од перото на Рене Пикар (René Piccard) секако еден од француските експерти за македонското прашање. Документот носи наслов: „ИДНИНАТА НА БАЛКАНОТ" (L'AVENIR BALKANIQUE), а анексот кон него носи наслов АВТОНОМНА МАКЕДОНИЈА (L'AUTONO-

---

[18] Les Archves du service historique de l'Armée Vincenes, Paris, Фонд: Campagne contre l'Allemagne 1914—1918. Etat Major, 2e Bureau, carton 21, dossier IV. Во документите што содржат изјави на воените дезертери запишани се нивните генералии; Carton 22 dossier 5, стр. 210 — Македонци дезертерале во 1916 година од грчката војска што се наоѓала во Егејска Македонија и затоа биле доведувани Грци од стара Грција.

[19] Пак таму, Carton 22. Во изјавата на дезертерот Петар Поп Јорданов, од Кочани, дадена на 11 ноември 1915 година пред француските власти се гледа дека бил подофицер во бугарската војска — 11 македонска дивизија. Во изјавата меѓу другото стои дека војната не е популарна, дека офицерите се сурови во односите спрема војниците и дека Бугарите се некултурни.

[20] Пак таму, Carton 24, dossier 1, стр. 119, од мај 1916 година.

[21] Иван Катарџиев, Антантата и македонското прашање во текот на 1918 година, ГИНИ, VIII, 2, Скопје, 1964, стр. 31.

[22] Исто, стр. 32.

[23] Исто стр. 41.

MIE DE LA MACEDOINE). Кон овие две „ноти", како што вели авторот се наоѓа пропратно писмо и карта на Автономна Македонија. Пропратното писмо е пишувано на рака, а документот на машина и умножен на циклостил. Документот го пронајдовме во Архивот на Министерството на надворешните работи на Република Франција — Париз во Фондот: Војната 1914—1918, (Les Archives du Ministère des affires étrangères, Paris, Fond: Guerre 1914—1918, Balkans, dossier générale, page 138—165). Овој е прв засега познат документ со ваква содржина којшто е издаден во Првата светска војна од Второто биро на Источната француска армија.[24]) Како што може да се види од приложениот факсимил на документот, тој настанал во летото 1916 година, што значи дека изминало повеќе од една година откако француските војски се наоѓале на македонска почва и луѓето задолжени да ја проучуваат Македонија имале доволно време да дојдат до констатациите што се искажани во документов од Рене Пикар.

Она на што особено сакаме да го свртиме вниманието во документов и што, покрај веќе изнесеното до тука, ѝ давало гаранција на француската замисла за создавање автономна Македониіа, се констатации за посебноста на македонскиот народ и она во што тој конкретно се разликува од Бугарите. Од суштината и карактерот на овие констатации и заклучоци произлегува дека тие се внесени во еден ваков важен документ по опстојно долготрајно и студиозно проучување на особините, белезите и навиките и на македонскиот народ и на другите балкански народи за да може меѓу нив да се прави споредба и да се истакнат разликите.

1. Се дошло до една реална констатација согледана на македонска почва и среде македонска етничка средина дека „ИМА И ФАКТИЧКИ ИМАЛО СЕКОГАШ МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКИ ДУХ";

2. Дека Македонците се разликуваат од своите соседи Бугарите „ОТИ СЕ СО ПОЖИВ ДУХ, ПОВЕЌЕ СЕ ЗАПАЛЕНИ СО ПОЛИТИКА И ИНТРИГИ И ПОВЕЌЕ СЕ СКЛОНИ КОН ОРАТОРСТВО И УМЕТНОСТИ..."

3. Дека „СОЗДАВАЊЕТО НА АВТОНОМНА МАКЕДОНИЈА БИ ПРИДОНЕЛО БРГУ ДА СЕ РАЗВИЕ МАКЕДОНСКИ ПАТРИОТИЗАМ И ДУХ"[25]) (подвлекол — А. А.)

4. Приложената карта кон писмениот текст особено е важна како оригинален (единствен) документ и според својата содржина и според легендата со која првпат се внесуваат корекции на етничките и географски граници на Македонија. Овие корекции се образложени во писмениот документ.[26])

---

[24] Во цитираниот труд на Катарџиев овој документ не е користен, бидејќи оваа серија документи беше слободна за користење во 1969 година, кога и авторот на овој труд ја пронајде.

[25] Види стр. 158 и 159 од оригиналот на прилог-Прилог IIб,

[26] Види стр. 158 од прилог IIб,

Во легендата (Lègende) се даваат следниве податоци:

a) (Границите пред војната 1912)
(Frontieres avant la guerre 1912)

b) Границите според Букурешкиот мир (1913).
(Frontières de Bucarest (1913)

c) Географските и етнографските граници на Македонија и на Албанија.
(Frontières de la Macédoine géographique et éthnographique et de l'Albanie). Овие граници обележани се со крш-чиња.

d) Автономна Македонија (Macédoine autonome) чијашто површина е обележана со шрафи кои се протегаат југо-запад-северо-исток.

e) Албанија (Albanie) чијашто територија е обележана со квадратчиња.

и f) Региони кои можат спрема приликите да бидат припоени кон Македонија или одвоени од неа (Régions qui peuvent selon les circonstances être réunies a la Macédoine ou en être séparées).

Размерот (Echelle) на картата е 1 : 1.500.000.

Точно е дека создавањето на автономна Македонија по Првата светска војна според француската замисла внесена во овој документ) требало пред сè да гарантира сигурност на француското влијание на Балканот, но и дека ќе создаде подолготраен мир меѓу балканските држави, ако веќе не може да се обнови Балканскиот сојуз од 1912 година за да биде пречка на германскиот империјализам на Балканот. Но она што е важно и непобитно, така замислената автономна Македонија е предлагана врз основа на конкретни показатели за самобитноста на македонскиот народ во рамките на нејзините „географски и етнографски граници“.

Појдувајќи од ваквата концепција, Франција и во наредните години од Првата светска војна се занимавала со ова прашање, што е обработено во една друга студија.[27])

Се поставува прашање зошто Франција не останала докрај доследна на овој свој став по прашањето на устројството на Балканот и на Македонија, како што се предлагаше од Второто биро на Источната француска армија, а беше развиван ваквиот концепт и во наредните години од војната? — Причините за ова се подлабоки и бројни. Меѓу нив ќе ги наведеме следниве:

1. Кога ваквиот став беше формиран. сè уште не беше познат излезот на војната; сеуште Централните сили постигнуваа успеси на фронтовите и во таквите услови не можеше да се предлага некое друго решение што не можеше да биде реално во дадениот момент;

[27] Катарџиев, цит. дело.

2. Во 1916 година (кога е напишан овој документ) царска Русија сè уште се наоѓаше во војната како членка на Антантата, па се допушташе и од Франција дека царска Русија треба да стане господар на Протоците (Босфор и Дарданелите). Ако тоа се оствареше, тогаш само по овој начин (со создавање авт. Македонија и балканска федерација) ќе можеше да се запре нејзиното влијание на Балканот, според француската замисла.

3. Ситуацијата сосема се измени со Октомвриската социјалистичка револуција, кога Русија престана да учествува во војната. И наместо помош во војната од таа страна, за силите на Антантата се закануваше опасност од револуција и во другите земји и на балканското боиште.

4. Кога заврши војната со победата на силите на Антантата, а меѓу нив како сојузници Кралството Србија и Грција, тогаш Франција нарочно не го подржуваше овој став изнесен во документов за да не ги засегнува своите балкански сојузници коишто му требаа на капиталистичкиот свет за одбрана од „болшевичката опасност". Да се жртвуваат интересите на малиот и многу напатен македонски народ, за да се задоволат интересите на балканските буржоаски сојузници преку кои Антантата намераваше да ја спроведува својата антиболшевичка политика на Балканот, сосема беше логично за тогашниот империјалистички свет.

5. На Версајската мировна конференција, кога Италија го поставуваше македонското прашање на дневен ред (се разбира од свои посебни побуди),[28]) тогаш делегацијата на Кралството на СХС по заповед од Белград ја напушти Конференцијата. Цели два месеца таа вршеше опструкција во работата на оваа Конференција за да се удоволи на интересите на великосрпската буржоазија која ја сметаше Вардарска Македонија за интегрален дел на Србија и зголемена со Вардарска Македонија сакаше да влезе во југословенската буржоаска државна заедница за по тој начин да си ја осигури хегемонијата над останатите југословенски народи.

Ставот на грчката буржоазија беше сосема ист во односот спрема Македонија како и на српската та и таа енергично се бореше на Мировната конференција да се потврди Букурешкиот мировен договор во што и успеаја.

Раквите и слични на овие аргументи, за автономијата на Македонија и создавање балканска федерација и покрај својата прогресивност и историска оправданост и правда, не се зедоа предвид на Париската мировна конференција каде се прераспределуваше светот и не се водеше доволно сметка за интересите на малите потиснати народи каков што беше македонскиот.

Од приложените документи ќе може да се види колку многу беа оддалечени една од друга историската оправданост и историската неправда по однос на македонскиот народ.

---

[28] Историја на македонскиот народ том II, Скопје 1969, страна 434—437.

**ПРИЛОГ Iа**

Март 1916
МИНИСТЕРСТВО НА ВОЈНАТА
Е. М. А.
2. Биро

РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА
19 март 1916

ДРАГИ ГОСПОДИНЕ,

Ви ја испраќам по пошта приложенава нота за иднината на Балканот, дополнета со уште една нота за автономијата на Македонија. И покрај тоа што сте презафатени, сепак јас Ве молам да фрлите еден поглед на овие ноти, особено на втората. И до колку во некој од претстојните денови имате малку слободно време, ќе бидам особено среќен да поразговарам со Вас за Истокот. Често го бараат моето мислење за овие прашања и јас сметам дека сум согласен со Вас во главни црти и дека ги знам основните правци на Вашите погледи.

Верувајте ми, драги господине, дека сум Ви искрено предан.

Рене Пикард (René Piccard)

ПРИЛОГ I[б]

12 јуни 1916 година

## ИДНИНАТА НА БАЛКАНОТ

Балканскиот Полуостров треба да си го претставиме како вкрстување на два пата по кои отсекогаш се движеле војски и трговија — тоа се историски патишта.

Едниот води од Германија и од рамнините на Централна Европа кон Цариград и Азија; тоа е линијата Хамбург — Багдад во која Германците ја гледаат оската на идното Германско царство што доминира над стариот свет. Еден огранок се спушта директно од унгарските рамнини кон Медитеранот преку Белград, Ниш, Скопје и допира до Солун.

Другиот пат е оној што води од Медитеранот кон Русија, тоа е патот на Протоците. Освен морскиот пат низ Дарданелите и Босфорот, постои, исто така, сувоземен пат, тоа е патот „Дунав — Јадран“, од којшто една варијанта е „Дунав — Солун“.

Овие два пата се сретнуваат на Балканскиот Полуостров во две главни точки.

1. Цариград
2. Софија

Сето внимание на политиката на Сојузниците на Балканскиот Полуостров е да го затворат првиот од овие два големи историски патишта или, со други зборови, да ја прекинат германската експанзија кон Исток во една точка на линијата Хамбург — Багдад, а да го отворат другиот, оној што ѝ обезбедува на Русија излез на Медитеранот, врската со нејзините сојузници, то ест Протоците. Таква е суштината на тешкиот проблем со кој се соочени сојузничките дипломати и армии кои се наоѓаат на Балканскиот Полуостров. Ако добро ги разгледаме сите други прашања, тие произлегуваат и директно зависат од тоа.

**Историски осврт**

За да го процениме начинот на кој денес се поставува прашањето, добро е да се започне со еден мошне краток осврт за настаните од последниве години.

Во 1912 година дипломатијата на големите сили, кои денес се „Сојузници“, ја доби борбата и го реши во своја полза проблемот таков каков што ние го изложивме. Со создавањето на сојуз или балканска федерација би можеле да се надеваме дека Балканот ќе стане една целост, „Балканот

на балканците", кој би го затворил за Германците, барем од воен и политички аспект патот кон Исток, историскиот пат на „Пробивот кон Исток" („Drang nach Osten"); Германците можат да имаат претпријатија и големи интереси во турска Азија, но не и да ја наметнат својата доминација. Од друга страна би било лесно за Русија, во новите услови, создадени со победата на Србите — Грците — Бугарите над Турците, да воспостави власт над Протоците, којашто почитувајќи го постоењето и суверенитетот на Турција би го решила прашањето за Протоците во согласност со економските и историските потреби на руската политика. Таквото решение на ова прашање би водело сметка за интересите на другите сили, за Романија на пример, која нема друг излез на море освен пристаништата на Црно Море.

Во политиката на Сојузниците се среќаваат низа грешки, кои од предимно поволната ситуација од 1912 година нè водат кон неповолната ситуација од 1913 и 1914 година. Уште не е дојден часот да се пишува историја на периодот меѓу двете Балкански војни. Меѓутоа, можат да се одбележат грешките и различните околности кои ја изменија потполно ситуацијата на наша штета.

Пред сè беше нужно да посредуваат англиската, француската и руската дипломатија за да може да се наложи брзото склучување на мирот меѓу победничките балкански сојузници и Турција. Регулирањето на идниот статут на Балканот не требаше да биде оставено на случајот и на локалните страсти; тоа беше општоевропска комбинација, и ако беше во австро-германски интерес да ги побркаат работите и да го продолжат безредието, беше очигледно во интерес на Русија и на нејзините сојузници да го убрзаат решението и да наложат мир.

Во тоа време австро-германската дипломатија активно работи во Софија и Цариград: во Софија за да предизвика растурање на Балканскиот сојуз, во Цариград за да ја наговорат Турција и да ја спречат да потпише мир. Географски и војнички Бугарија претставуваше главна сила; во неа се наоѓаше раскрсницата на балканските патишта и приодите кон Цариград. Клучот на прашањето, природно, беше во Софија. Србија, со оглед на својата историја, на својата положба и на своите аспирации, не можеше а да не биде непријател на Австрија. Со Бугарија не беше истиот случај.

Руската политика се покажа уште од почетокот невешта. Таа го беше создала Балканскиот сојуз и претендираше да го раководи. Русија не можеше да ја прикрие својата завист и својата злоба поради бугарските успеси; не умееше добронамерно да донесе свои решенија ниту навреме да ги запре. Нејзините симпатии и наклоности се свртуваат кон Белград каде што господин Хартвинг[1]) ги насрчуваше српските амбиции и го приготвуваше веќе делењето на Австрија. Во Франција, каде што најнапред премногу шумно им беа аплаудирале на бугарските победи, а заборавиле на старите традиции и вековните интереси шот нè поврзуваа со Отоманската империја, не можеа барем да ги зачуваат придобивките од таа положба. Симпатиите на француската дипломатија се оддалечија од Бугарија; нашиот министер во Софија, господинот Палеолог, не го извести Министер-

---

[1]) Руски дипломатски претставник во Србија — А. А.

ството за надворешни работи за вистинската положба на Балканот, бидејќи не го поднесуваше царот Фердинанд. Се заборави реалноста за да се води сентиментална политика во полза на Србите, кои веќе еднаш, во времето на анексијата на Босна, за малку ќе нè вовлечеа во најтешки компликации, — и во полза на Грците, кои всушност не беа и никогаш не биле сила.

Хеленската завист од своја страна, дејствуваше на распаѓањето на Балканскиот сојуз. Грција, која малку беше зела учество во војната, сакаше многу да спечали со мирот. Сојузничката политика со Бугарите, чиишто предности таа ги забораваше, сметајќи ги како сигурни, останувaше за политичарите од Атина „критска политика", политика на Венизелос, но не и грчка политика. Атина го потстрекнува потајно Белград против Софија и придонесе да се одолжи потпишувањето на мирот со Турција.

Ние не можеме да навлегуваме во српско-бугарскиот спор и да ги анализираме сложените околности кои доведоа до Втората балканска војна. Еден факт доминира над спорот: никогаш Бугарите не би се сложиле да водат војна со Турците ако не беа сигурни дека ќе ја добијат Македонија, која ја сметаа, оправдано или не, не е сега време да се дискутира, како бугарска земја. Тие беа сигурни дека добивањето на Македонија им е осигурано преку нивниот договор за сојуз по наговарање од Виена, во тоа нема сомневање, но тие ја воделе исто така, затоа што осетиле дека во Петербург не им се наклонети и за тоа што биле информирани за тајниот договор потпишан меѓу Србија и Грција за поделба на Македонија, при што бугарските интереси биле повредени. Грешките на дипломатијата од Антантата беа така големи што војната беше речиси неизбежна. Пред да им забележиме на оние што ја воделе, би требало да им се префрли на оние што не можеле да ја спречат.

Букурешкиот мир ги потврдува грешките и недоразбирањата на Тројниот сојуз. Тој за секогаш ја разбива Балканската спогодба, под изговор да создаде балканска рамнотежа. Определува неприфатливи граници коишто, штом ќе се видат на карта, ќе се установи нивната несигурност. Како од задоволство да сее конфликти за иднината. Во времето на Втората војна, при таквата состојба на работите беше нужно да ѝ се оневозможи на Бугарија да напакостува или да бара брз реванш; беше нужно или да се уништи или да се остави на мира и да ѝ се обезбедат евентуални територијални надоместувања во Македонија за сметка на секое можно идно територијално напредување на Србија кон Запад за сметка на Австрија. Наместо тоа, Тројниот сојуз ги отуѓува Бугарите без да ги направи бессилни. Во Кавалската афера, се виде Русија поради задоцнетото претчувство за опасноста да интервенира во полза на Бугарите, додека императорот Вилхелм и парискиот кабинет настојуваа Кавалската лука да остане на Грците. Се веруваше дека со Букурешкиот мир на Балканот се создава траен ред; всушност тука се приготвија поразите коишто настапија без да ги привлечат на наша страна главните сили чијашто акција би можела да биде решителна.

Стравот што ја опфати Германија во 1912 година поради Балканскиот сојуз, е една од решителните причини за војната од 1914 година, во тоа нема двоумење, особено ако се прифати дека постапките на победничка

Србија би го продолжиле неспокојството во Босна и Херцеговина, предизвикано од балканската криза во Австрија и Германија.

Такви се настаните што ѝ претходеа на сегашната војна и кои во голема мера придонесоа таа да се разгори. Ние се бевме отуѓиле од двете вистински сили на Ориентот: Бугарија и Турција, ние не ги полагавме нашите надежи во српско-грчкиот сојуз чијашто нестабилност настаните многу бргу ја потврдија, а од друга страна и во Романија, која до денеска не ги оправда нашите очекувања. Само Србија претставува корисен, но истовремено и опасен сојузник чијашто неразумна активност може во секој момент да фрли огин во барутот.

**Големата војна**

Европската војна ја затече Антантата во следната ситуација: таа се надеваше на поткрепата од Србија, Грција и Романија за да го зачува Букурешкиот мир кого што печатот, особено францускиот, потплатен од Грција, не престануваше да го прогласува за траен. Како што видовме Турција и Бугарија имаа сериозни причини да ѝ забележуваат на Тројната антанта и да се приврзат кон Централните сили. Веројатно од тоа време Турција е приврзана веќе со судбината на Германија. Се зборуваше дека и Бугарија исто така имала договор со Австрија кој бил потпишан утредента по Букурешкиот мир. Нека не се заборава дека за време на ревизијата на бугарскиот устав царот си го беше присвоил правото да склучува дипломатски договори на своја одговорност за доброто на државата.

Откако Турција практично беше влегла во германската алијанса и стапила во војната, очигледно беше дека релативната вредност на Бугарија се покажа зголемена. Таа стана неопходен мост на Германија за воспоставување врски со Турција и Ориентот.

Кога војната започна, се потврди повеќе од секогаш проблемот за сојузниците што веќе го спомнавме, а тоа е: отворање на Протоците, а затворање патот Хамбург — Цариград — Багдад. Откако веќе Турција истапи против нас, преостанаа само две можности тоа да се постигне: или примена на сила во вид на една брза и победоносна офанзива против Турција, или таков дипломатски пат со кој ќе ја привлечеме Бугарија кон Антантата. За да се постигне едно вакво решение, Сојузниците би требало да водат пожива и повешта политика. Уште од првите месеци на војната тие би можеле да им диктираат на своите пријатели, како и на другите, нова концепција на Балканскиот Полуостров. Таквата постапка не би била неможна. Ние војуваме за Србија и имавме право да ѝ ја наложиме нашата волја.[2]) Како што рековме Букурешкиот договор што имаше за цел да воспостави трајна рамнотежа на Балканот, не можеше повеќе да биде поддржуван во неговата суштина. Тоа е мислата на еден од ретките големи државници кој се појави во Европа за време на оваа војна — г. Венизелос. Тој сметаше дека какви и да бидат обврските на Бугарите, овие „парчиња хартија“ не би вределе многу пред очигледните интереси. Тој го сметаше неопходно и возможно повторното создавање на Балканскиот блок за да

---

[2]) Се мисли на учеството на француски војски во борбата против бугарските војски 1915 година во Вардарска Македонија — А. А.

се запре експанзијата на Германците кон Исток и да се изолира Турција. Со тоа би ја казниле Турција заради нејзината непромисленост со која влезе во пресметката. На Бугарите би можела да им се врати Српска Македонија според одредбите на српско-бугарскиот договор од 1912 година, а Грција автоматски би им го отстапила пристаништето Кавала; таа би добила во Азија големи надоместувања за оваа мала жртва.

Вакво нагодување беше можно и веројатно би успеало додека Сојузниците беа победници, т.е. меѓу битката на Изер и Први мај 1915 година, на денот кога рускиот фронт на Дунаец беше пробиен и кога почна повлекувањето на царската армија. Пред сè на Србите требаше да им се наложи волјата на Сојузниците. За сметка на Австроунгарското кралство тие би добиле големи надоместувања во создавањето сојуз со Србите и Хрватите од Босна, Херцеговина и Хрватска.

Сојузниците не успеаја ни со сила ни по дипломатски пат.

Очигледно не ќе ги критикуваме на ова место воените операции на Дарданелите ако тие успеаја — требаше да успеат — пожелното решение ќе се постигнеше при најдобри услови.

Што се однесува до дипломатскиот пат кон него се прибегна мошне доцна и тоа по неколкукратните порази на Русите и на Французите и Англичаните на Дарданелите во време кога балканските народи оправдано мислеа дека барем за долго време Русија беше исфрлена од стројот и кога Сојузниците, во својата операција против Турција беа дале очигледни докази за својата немоќ и неспособност. Започнатите преговори во таквите услови не би успееле, туку со тоа само би се предизвикало незадоволство кај нашите пријатели без да бидат привлечени други. Да не зборуваме за она што веќе се знае. Офанзивата на Австро-Германците на Балканот покажуваа дека тогаш тие се откажале од триумфот што сакаа да го постигнат во Франција и Русија. Тие се свртуваат кон еден друг план според кој треба да постигнат хегемонија на стариот континент со создавањето на средна Европа, со премоќ на Балканот и со протекторат над Турција. Настаните го покажаа капиталното значење што Берлинската и Виенската влада му го придава на сојузот со Бугарија. Со тоа беше поставен мост меѓу Централните сили и сојузничка Турција, а со тоа беше создадена Централна Европа, организирана на германски начин што се протега врз Балканот и дури до Мала Азија и Месопотамија. Зборувајќи пред неколку месеци на Берлинскиот сојуз на германските инженери, професорот Жек изјави: „Германија заедно со своите сојузници создава од Хелголанд дури до Багдад една голема географска целина и во таа смисла **таа веќе ја спечали победата** бидејќи си го проби патот кон Ориентот“.

Таква е ситуацијата денеска. Таа всушност не е толку лоша колку што изгледа на прв поглед. Германците се господари на Балканскиот Полуостров, но една армија од 300.000 Сојузници, цврсто укрепена во Солун, на завршницата на големиот пат од Дунав кон Егејското Море, ја загрозува од бок нивната сообраќајна линија кон Исток и ги оневозможува за акција Бугарите, како и еден дел од Германците, додека на Север Романија само чека удобен момент за да стапи во борба на страната на Сојузниците, а Русија се готви повторно да ја започне офанзивата. И на крајот во Азија,

рускиот напад со кој беа одземени Ерзерум и Трапезунд и половината од Ерменија, се заканува на турско-германските сообраќајници кон Месопотамија. Во Валона Италијаните го држат излезот од линијата Дунав — Јадран.

Сегашната ситуација не трпи дипломатско решение сè додека Сојузниците не докажат низ една победа дека се посилни. Сепак ние не веруваме дека ќе биде потребно наполно да ѝ се нанесе конечен удар на Бугарија или на Турција за да се постигне мир со едната од нив. Еден силен удар, нанесен на правото место, би овозможил да се отпочне со преговори што би ги заштеделе нашите војнички сили. Да не забораваме, меѓутоа, дека во Турција како и во Бугарија, иако јавното мислење е заморено од војната што никогаш не ја сакало, пред сè би требало, да се соборат владите на нашите непријатели за да се постигне мир. Енвер во Турција, Фердинанд во Бугарија ги проиграле на германската карта своите амбиции и своите глави и ќе ги бранат со сета своја енергија. Треба значи пред сè да бидеме посилни и да нанесеме решителен удар, првенствено против Бугарите. Кога веќе Бугарија ќе биде исфрлена од војната, а железничката линија од Белград до Цариград ќе биде прекината, тогаш за многу кратко време Турција ќе биде принудена, поради недостиг на храна и воен материјал, да се потчини.

**Иднината на Балканот**

Што се однесува до воениот проблем може да се смета за сигурно дека со секое зголемување на сојузничките сили во Солун ќе се зголемат пропорционално и можностите да се привлечат на наша страна Романија, дури и Грција. Би било особено корисно последните да останат неутрални но со активни симпатии кон нас, допуштајќи ни слободно да ги користиме пристаништата, железничките патишта и сите богатства на земјата. Не е истото и со Романија чиешто влегување во борба со 400.000 борци од добар квалитет и исто толкави резерви, би имало можеби решавачко значење.

Да претпоставиме значи дека е решено воеството прашање и да видиме каква би била организацијата на Балканскиот Полуостров по општиот мир.

Можни се само две решенија:

Или да се уништи Бугарија; таа би била разделена меѓу Романците и Србите, како што Бугарите и Австријанците имаат намера да ја разделат Србија. Ова радикално решение има предимство, но тоа е дотолку незгодно што нè присилува кон едно целосно — дефинитивно уништување на Бугарија, а заради тоа скапо и тешко. Излишно е да се додава дека ова решение има уште и други незгоди, имено дека е во апсолутна противречност со англо-француската теза која ги претставува Сојузниците како заштитници и ослободувачи на малите народи. Освен тоа, без сомнение, би било тешко да се придобијат Русија па дури и Англија за едно вакво решение.

Или да се зачува Бугарија.

Ако постои Бугарија, таа не би можела да биде елемент на стабилност на Балканот дури и ако добие задоволување во таа Македонија што ја смета како свој Елзас-Лотарингија. Навистина проблемот е деликатен. Невозможно е да им се одземе на Србите Македонија во моментот кога ги подготвуваме заедно со нашите војски повторно да ги заземат своите огништа. Такво решение е можно подоцна, тогаш кога Австрија и Унгарија,

како победени ќе бидат принудени да се согласат да им дадат на југословенските провинции слобода да располагаат сами со себе и со својата иднина. Во тој случај Србија би станала хегемон на една голема југословенска конфедерација. Тогаш би било многу полесно да ја натераме да се откаже од Македонија преку создавањето на еден балкански сојуз. Држењето на Грчката влада спрема нас е такво што нејзиното спротивставување во никој случај не би ја попречило намерата на Сојузниците за устројството што ќе сакаат да го наметнат на македонските територии.

Очекувајќи додека да се земе некое конечно решение, можеби сепак би било добро да се прогласи провизорна автономија на Македонија под контрола на Сојузниците. Ако ги победиме Бугарите, нашите војски ќе ја окупираат (Македонија — А. А.) како што ја окупираа грчка Македонија. Населението на Македонија не е всушност ни бугарско, ни српско, ни грчко. Ако се создаде такво устројство што на секого би му гарантирало безбедност, наскоро тука би се развило македонско чувство. Тука би се организирал кантонален живот, во швајцарската смисла на зборот, секоја област[3]) ќе се организира според своите стремежи и афинитети: Скопје би било српско-бугарско, Битола, грчко-бугарска, Серез грчко-турско-бугарски, Солун грчко-бугарски-еврејски. Покасно, по десетина години, би се оставила Македонија, ако за тоа искаже желба, да се соедини со некоја од своите сосетки. Чекајќи, Сојузниците здраво ќе го држат во своите раце градот Солун кој е вистински економски центар на западниот Балкан и излез на дунавските рамнини во Егејско Море. Солун би можел на тој начин да стане еден вид слободен град кој би бил како јатка и глава на една балканска федерација што ќе се потпира на четворната Антанта (Франција, Англија, Русија и Италија — А. А.). Оваа федерација солидно би ја затворила вратата низ која Германија се надева да се протегне кон Исток. Така би се реализирала формулата: „Балканот на балканците", надвор од која може да има само несигурност и опасност. Може исто така да се види автономна Македонија што влегува во големата Југословенска федерација, како Црна Гора и Албанија, на чело на која стои Србија.

Грција се враќа кон декаденцијата и анархијата од коишто г. Венизелос за еден момент беше успеал да ја извлече. Таа повторно паѓа во политиката на кликите и соперништвото меѓу луѓето. Меѓутоа, поради нејзината географска положба таа сепак останува важна, макар и да не претставува сила. По оваа војна сигурно треба да сметаме и на Италија која ќе навлезе во период на експанзија и ќе бара да си осигури превласт на своето влијание над Источниот Медитеран; таа го навестува тоа веќе. Од таа гледна точка, Грција со нејзината флота, нејзината трговија и нејзините острови може да стане една ценета потпирна точка. Треба значи, Англија и Франција да ја спасат Грција и покрај нејзината волја. Поседувањето на Македонија ја тера Грција да се меша во сите словенски караници на Балканот. Нејзиното поседување на Солун е пропаст за тоа големо пристаниште кое не може да живее без една широка позадина. Да се загуби Македонија,

---

[3]) Познато е дека Македонија е составена од низа природни области кои се поврзани меѓу себе само со тесни клисури.

а да се добијат острови и азиски територии, меѓу другите и Кипар, тоа е вистинската иднина, тоа е вистинскиот интерес на Грција, како што многу добро го предвидел нејзиниот генијален државник г. Венизелос. Станува значи, неопходно за сојузниците, а особено за Франција и Англија, да ѝ ја наложат својата волја на Атина. Тие ќе успеат во тоа само кога ќе ја ослободат Елада од паразитската династија која ги изневерува нејзините интереси во полза на Германија и која, за да се одржи, ги користи најлошите чувства на Грците — зависта и стравот. Лесно беше да се пристапи кон таа нужна операција во моментот кога кралот, кршејќи го уставот и сојузничкиот договор со Србија, го отпушти Венизелоса, а и секогаш ќе биде можно да се прибегнува кон тоа во земја каде што се почитува само силата, и пред армија чиишто команданти претпочитаат да не се борат.

Единствената можна политика во иднина ќе биде политиката на балканска рамнотежа. Единствено со неа можат да се согласат Италија и Русија, подиректно заинтересирани од нас, затоа што се поблиски соседи. Тоа е единствената политика која може да ѝ одговара и на Романија. Една премногу силна Србија, која би била наша сојузничка, механички ќе ја фрли Италија во рацете на Австро-Германија. Не треба да се заборава дека таа рамнотежа може да заврши подоцна со една федерација колку и да изгледаат денеска меѓусебно оддалечени балканските земји.

Бугарија може да најде зголемување само во Македонија што ќе ја направи рамна, или поправо помалку нерамна, со една Србија федерирана со Босна, Херцеговина и Црна Гора и дури со Хрватска; со една Романија зголемена со Буковина, Трансилванија и Банат. Постоењето на силна Бугарија би можело да има такви предимства за кои е деликатно да се настојува; ако Цариград по оваа војна падне под руска власт сакал нејкел, дали политиката на западните сили, поради природниот натиск на настаните, не ќе биде принудена да побара една балканска рамнотежа против една многу јака Русија.

Централните сили секогаш ќе бараат на Балканот да разделуваат, додека Англија и ние ќе обединуваме; тие за да си ги отворат вратите кон Исток, а ние да им ги затвориме. Една балканска федерација има повеќе привврзаници дури и во Бугарија отколку што може да се верува. Оваа федерација ќе придобие и други привврзаници кога победена Бугарија ќе се истрезни од балканската хегемонија. Федерацијата постоела и таа има големи спомени, а тоа е доволно за да може да се каже дека таа повторно ќе се роди. (Се мисли на Балканскиот сојуз меѓу Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора пред Балканските војни и нивното заедничко учество во Првата балканска војна против Турција — А. А.) Може да се допушти дека таа ќе се реформира под покровителството на голема Романија. Кога сме веќе на патот на „прогнозирањето" може дури да се допушти една голема Балканско-дунавска конфедерација каде што Унгарија би се засолнила за да се спаси од германското потчинување. Во основата на оваа комбинација, следејќи го набележаниот пат од Бизмарка, е онаа што владите на Виена и Берлин ќе сакаат да ја реализираат во своја корист, но таа може да се сврти против нив.

Да не си ги прикажуваме тешкотиите за остварување со нашите очи на западњаци и нашиот менталитет од пред големата (Првата светска — А. А.) војна. Ако ние победиме, во цела Европа збор ќе имаат демократите. Народите на Балканот полесно ќе се спогодат отколку краловите, кои речиси, сите се туѓинци. Тоа што изгледа неостварливо за нив, ќе се види можеби природно на народите.

Она што секогаш ѝ попречуваме на Бугарија, тоа е допирот со Унгарија. Ние ќе ѝ оневозможиме дури достап на Јадранско Море. Планините западно од Црн Дрим со Планината Шар и кумановското дефиле ќе бидат максималната граница кон Запад и кон Север за Бугарија. Ако Турција биде уништена, можеби ќе бидеме принудени да им ја признаеме на Бугарите линијата Енос — Мидија, а во секој случај областа на Лозенград, каде што Бугарите се помногубројни.

Србија би се состоела од бившото кралство од пред 1912 година зголемено со Стара Србија (Косово) и бившиот Санџак на Нови Пазар во границите на последниот српско-црногорски договор. Таа би влегла во една југословенска конфедерација составена од Црна Гора, Босна, Херцеговина, еден дел од Далмација (во договорените граници според преговорите што претходеле на влегувањето на Италија во војната и кои впрочем, треба да бидат ревидирани, бидејќи не водат доволно сметка за националното чувство на Словените во Далмација, кои по никоја цена не сакаат да станат Италијани). Хрватска исто така ќе стане дел од конфедерацијата ако војната ја ослободи од влијанието на Виена и Будимпешта. Впрочем можеме да искажеме резерва дека мислењето е зрело за потполна фузија на Хрватска со Србија. Жителите на Хрватска, на Далмација, на бившата Дубровничка република се многу поцивилизирани, подобро уредени, со многу поистенчен вкус отколку Србите од Србија. Овие земји секогаш биле свртени кон Виена и кон Рим, додека нивните српски браќа од другата страна на Сава гледале кон Ориентот. Да се сака да се србизира Хрватска, тоа би значело поголемото да го вложуваме во помалото. Фузијата ќе биде дело на времето. Засега федералната врска е најпрактичната и најточната форма за обединување. Србите, кои се поактивни, понаклонети кон придобивки, попретприемчиви и поплодни, ќе победат по неколку децении и има многу да научат и да усвојат од контактот со Словените од Хрватска, Далмација и Словенија.

Албанија би можела да стане, барем времено, една независна држава, чијшто суверенитет би бил надоместување на Есад-Паша за неговата верност на сојузничката кауза. Грција би го зачувала делот на епирска Албанија, што сега го држи окупиран. Црна Гора не ќе го добие Скадар туку Котор. Италијанското влијание ќе биде противтежа во Албанија за Грција, Србија и Бугарија.

**Иднината на Турција**

Заедно со проблемот за Македонија, второто прашање најтешко за решавање, но и најважно, тоа е иднината на Протоците, на Цариград, на Тракија и остатокот од Отоманската империја.

Овде ние се соочуваме со волјата на Русија, како што се вели, Сојузниците се обврзале да ја почитаат (Договор од март 1915 година). За Русите објектот на нивните напори во оваа војна е Цариград, и, ако тие ги завла-

деат градот и Протоците, што ќе стане со Тракија и Анадолија? Ние мислиме дека Русите не си ги дефинирале своите намери за тие разни прашања но, се разбира, тоа ќе зависи пред сè од повеќе или помалку победоносниот излез на војната.

Во Русија постојат и секогаш постоеле две тенденции. Упростеното мислење на народот го смета Цариград како град кој ќе стане царски и ги смета руските императори како наследници на императорите од Византија. Политичарите кои имаат поизострен усет кон реалноста, воглавно биле на друго мислење. Тие сметаат дека чистата и едноставна анексија на Цариград и земјите што граничат со Протоците кон Руското царство не би се остварила без големи незгоди. Цариград не би можел да стане провинциски град, а би било и опасно, од друга страна, за Руското царство кое има веќе две престолнини, да си присвои и трета. Во таков случај зарем не би било попрактично за Русија да си го осигури клучот од својата куќа, окупирајќи ги Протоците, без да ја наложува својата власт над земјите населени со Турци? Отоманската империја ќе може да се зачува. Ќе има своја престолнина во Бруса или Конија, а пристаниште во Смирна. Ќе запази право на суверенитет над Цариград каде што примената на нејзината власт би била ограничена и контролирана од некоја меѓународна комисија, а правото на гарнизон би ѝ се дало на Русија. За да му се даде задоволување на рускиот народ, св. Софија ќе му се предаде на рускиот православен култ; бившите цркви некогаш претворени во џамии, ќе им се дадат на разните христијански вероисповести, додека џамиите изградени по завојувањето ќе бидат оставени на муслиманите. На турскиот емир, како згодна фикција, може да му се остави правото на суверенитетот над сегашните територии. Но Ерменија би била автономна под гаранција и заштита на Русија. Исто така арапските земји би се организирале во една федерација од автономни кантони — штитени и контролирани — оние што граничат со Медитеранот: Мала Ерменија, Либан, Дамаск, Палестина — од Франција, а другите: Месопотамија, Јужна Палестина, Арабискиот Полуостров — од Англија. Меѓу овие разни автономни области турската власт би имала предимство да наложи да не се воведуваат царински граници. Сите патишта би биле отворени. Ерменија би го имала правото да изгради една железничка линија кон заливот на Александрета и таму да добие право на употреба на слободно пристаниште. Англија би добила такво право за да користи еден излез на Медитеранот за Месопотамија, во Кајфа на пример.

Калиф во Арабија, султан во Анадолија, автономни тамошни држави под контролата и заштитата на Русија, на Англија и на Франција, така може да се сфати, барем провизорно, режимот на азискиот ориент. Впрочем, овие прашања ќе бараат попотполно и подетално проучување отколку што се овие многу кратки укажувања.

Постоењето на една Отоманска империја во Мала Азија не би ја исклучило можноста да се обезбеди, ако околностите го бараат тоа, позадината на Родос и Адалија да се дадат на Италијаните. Султанот тука би имал само теоретски суверенитет. Директната власт на Турците би се простирала тогаш од Егејското Море до Сивас, кој би бил последен ермenski град на Запад, и дури до Тавриз. Тоа сè уште би било едно добро царство каде

што економската експанзија на Германците би могла да се оствари. Германците веќе многу придонесоа да се обноват тие области со изградбата на железнички линии; тие би можеле таму да ја продолжат, во дозволени граници дејноста, и би било неблагоразумно да не ја признаеме големината на таа дејност.

**ЗАКЛУЧОК**

Прерано е да се проучат со повеќе поединости претпоставките што самите настани ќе ни овозможат да ги уточниме. Она што треба пред сѐ добро да се уочи тоа е бескрајната комплицираност и многубројните стапици што ги кријат ориенталските проблеми. Тие се тесно поврзани, како во времето на Катерина и Марија Терезија, со трите големи источни прашања: полското прашање, австро-унгарското прашање и прашањето на Турската империја.

Од друга страна треба да бидеме убедени ако Германија успее да ги оствари по мирот, како што речиси тоа го сторила денес, нејзините проекти за создавањето „Централна Европа“, којашто би се продолжила на Балканскиот Полуостров владеен од Бугарија и одблизу контролиран од Австро-Германија, би се продолжила кон Исток врз една реорганизирана Турска империја под германски протекторат, тогаш и германската хегемонија ќе биде воспоставена на стариот континент и ништо веќе не ќе може да ја разбие. Неопходно е значи Сојузниците да успеат да ја пресечат линијата Хамбург — Цариград во важна точка. Дури и во случај кога истоштената и полупобедената Германија би се согласила да ѝ ги врати на Франција Елзас — Лотарингија, а на Белгија нејзината потполна независност. ако таа успее да ги оствари своите планови на Ориентот, таа сепак ќе добие едно такво предимство што во Европа ќе има место само за една голема сила — Германија. Русија ќе биде отфрлена во Азија, но пак ќе остане огромна со опширно поле на експанзија кон Кина, но ќе биде загрозена во Персија и Кавказ. Англија ќе остане силна по морињата и на далечните континенти, но таа не ќе биде сигурна во Египет ниту во Индија. Франција ќе остане сама на Европскиот континент наспротив една многу силна Германија. Нејзе, повеќе отколку на нејзините сојузници, ѝ се наложува во најголема степен да ја запре германската експанзија кон Ориентот и да создаде на Балканот една брана доволно силна за да ја штити против една опасност која би била, за нашата земја и за слободата на сите мали држави, смртна опасност. За да се решат таквите проблеми и за да се удрат на Балканот основите на солидна положба, а со тоа што помалку да се засегаат правата и интересите, на Сојузниците им се потребни далекувидни државници кои ќе знаат, кога ќе се наложи, енергично да дејствуваат за да завршат со успех.

Рене Пикар (René Piccard)

20 јули 1916 година

## АВТОНОМИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

**(Анекс кон нотата „Иднината на Балканот")**

Идејата на македонска автономија блиска им е на сите оние кои ја познаваат балканската историја и политика. Ако се обидеме да ги прашаме христијаните од Македонија, би ни одговориле дека автономијата за нив е најпожелното решение.

Има и фактички имало секогаш Македонија и македонски дух. Географски Македонија има своја целост. Нејзините граници се: на Југ — Олимп, планините на северниот брег од реката Бистрица, Преспанското и Охридското Езеро; на Запад — Дрим дури зад Дебар; на Северо-запад и Север — планината Шар, височините на Север од Скопје, Кумановското дефиле, планините што ја означуваат бугарско-српската граница од пред 1912 година; на Исток — Родопите. Од оваа страна границата со Тракија не е јасна. Областите на Драма и на Кавала може да бидат придадени кон Македонија или да бидат одделени од неа; Драмската рамнина е населена предимно со Турци; градот Кавала, како сите пристаништа, има јака грчка колонија. На Југ Халкидичкиот Полуостров, географски е македонски, етнички тој е грчки; линијата од езера го дели со една природна граница од останатиот дел на Македонија.

Во овие граници Македонија ги има природните полиња на Скопје, на Битола, Велес, Серез, на Драма и Солун, со планините што ги одделуваат и тесните долини што ги поврзуваат. Христијанското селско население е словенско. Познато е дека тоа не е наполно бугарско, макар и да се приближува повеќе кон Бугарите, ниту наполно српско. Самите Бугари признаваат дека Македонците се разликуваат од другите Бугари со тоа што се тие со пожив дух, повеќе се запалени со политика и интриги и повеќе склони кон ораторство и уметност, исто така се поитри, со еден збор тие се малку елинизирани. Во Софија македонските политичари се опасни; мнозина Бугари од Стара Бугарија со задоволство би дочекале македонските Бугари да се вратат во Македонија. Тие ги обвинуваат дека им ограбуваат сѐ, служби и привилегии. Мнозина од балканците се на мислење дека на Балканот не ќе има мир и стабилност сѐ додека не се создаде една автономна Македонија. Во секој случај, веројатно е дека создавањето на една автономна Македонија би придонело бргу да се развие македонски патриотизам и дух.

Автономијата на Македонија и создавањето на една балканска федерација ќе има најпредани приврзаници меѓу луѓето во Солун, особено евреј-

ското мнозинство од населението. Анексијата кон Грција беше за нив една пропаст. Солун беше особено важно пристаниште од каде што австро-германските производи дојдени преку Трст се разнесуваа по целиот Полуостров; новата граница која го дели Солун од неговата позадина, му нанесе страотен удар. Грците кои имаат веќе други пристаништа не се во состојба да го издигнат Солун. Географската положба на Солун, на излезот на големиот природен пат од Дунав до Егејско Море, преку Ниш, чини ова пристаниште секогаш да има важно економско значење, а тоа ќе му обезбеди и соодветно политичко значење. Може да се тврди дека: или никогаш не ќе има балканска федерација, или дека Солун ќе биде во неа во исто време пристаниште, економски и интелектуален центар. Мошне добро би се согледал во иднината Солун како слободен град, престолнина на автономна Македонија и центар на балканската федерација.

Да се поседува една толку важна точка, макар и провизорно и чекајќи средување на сите балкански прашања и закрепување на новиот статут на Полуостровот, За Сојузниците тоа би било едно значајно предимство. Тие би имале со тоа едно средство за притисок над нивните пријатели од секаков вид, како и над нивните непријатели. По нашата победа ние ќе имаме многу пријатели и точно во тој момент треба да се пазиме од нив.

Што ќе се случи со Македонија, целиот балкански проблем е во тоа?

Ако според волјата на мнозинството од населението и неговото потекло дури Македонија и да им припаѓа на Бугарите, би било ненормално да им се даде или пак да ја оставиме да ја преземат по онаквото поведение што го имаа кон нас во 1913 и 1915 година. Од друга страна Србите не ја кријат својата желба да ја поседуваат цела Македонија заедно со Солун. Очигледно е дека природниот излез од нивната земја на море тоа е Солун, зашто за да се стигне до Јадранското Море треба да се помине низ предели многу тешко проодни низ кои една железничка линија долго би се градела. Никогаш историјата не познавала голем трговски сообраќај да се одвивал во правецот Дунав — Јадран; природните патишта се преку Ниш до Солун, од Софија до Кавала и Цариград итн. Најпосле засега Грците се господари на Солун и на цела Јужна Македонија. Нивното поведение кон нас и кон нивните сојузници, напуштањето здравата политика за да се затворат во еден тесен, несмотрен и кукавичен егоизам не придонесуваат да ги направиме големи и против нивната волја. Докажано е дека тие не се на висината на својата среќа што би можеле да ја достигнат — и следователно неспособни да го преземат управувањето на балканската федерација; нивната периферна географска положба впрочем, ги исклучува од федерацијата. Може да се смета сигурно дури ако им позволиме да го зачуваат Солун и Грчка Македонија, тие не ќе ги задржат за долго. Србите го прижелкуваат Солун; тие го прижелкуваа уште за време на Букурешкиот договор кога се беа бореле заедно со Грците. Би значело слабо да го познаваме Балканот и балканците ако ја исключиме можноста макар за едно привремено помирување меѓу Србите и Бугарите, а против Грците. Ако разумно ги анализираме нештата и создадеме една Автономна Македонија, тоа е единствениот начин да не допуштиме да падне Солун во рацете на грчкиот непријател. Тоа е аргументот кој треба да се истакне на г. Венизелос, ако треба, нему, како на министер за да се смали Грција барем во

Европа. (Операцијата би можела да се изведе преку замена, на пример, за Кипар и земји во Азија). Нека не се повикуваат на тоа дека со истоварувањето во Солун Сојузниците зеле обврска да ја предадат на Грците цела Македонија: од аферата на Рупелската тврдина, која им ги дава на Бугарите куќните клучови, Грците неумесно би предизвикале слично ангажирање кое е веќе застарено.

Србите посакувајќи го Солун, Грците барајќи да го зачуваат, би била праведна војна со тоа што би се спротивставиле претензиите на едните против другите за да не ги задоволиме наполно ниту едните ниту другите, туку да го зачуваме во наши раце објектот на нивното соперништво. Тоа би бил начин секогаш да го имаме стапот и над едните и над другите.

Кога ќе ја прогласиме грчка автономна Македонија, на Грците ќе им ја објасниме таа мерка како единствено ефикасно средство што би ја штитело против нивните бугарски непријатели и дури против нивните српски сојузници. Грција, предавајќи ја тврдината Рупел, се лишила од можноста да ја брани Македонија и правото да ја чува.

Што се однесува до Бугарите ние ќе го држиме во нашите раце залакот што го присакуваат, за којшто водеа војна. Ако по еден прв пораз (во секој случај неизбежен) Бугарите се ослободат од царот Фердинанд и побараат мир, ние не ќе им ја дадеме Македонија, туку разумно ќе се помират кога ќе гледаат дека станува автономна под наша закрила отколку да ја видат во рацете на Грците или Србите, а идните можности не ќе бидат затворени и Македонија ќе стане мамка што ќе ги привлече во една балканска федерација. Ние веќе наведовме дека ова обновување ќе биде полесно по големите крвопролевања на оваа војна и особено откако страдањата ќе ги премавнат од Балканот странските династии и ќе им дадат збор на самите народи. Иднината на Балканот им припаѓа на демократиите.

Прашањето за српска Македонија е поделикатно од прашањето за грчка Македонија. Откако ќе ја завладеат со помошта на српските војски, тешко ќе биде да го убедиме народот и владата српска дека ќе биде во нивен интерес делумно да се откажат од неа. Во секој случај тоа би било можно ако голема Србија беше реализирана со присоединувањето на Босна, Хрватска, Црна Гора итн.... Формата на устројството на голема Србија би била, барем провизорно, федеративна. Потоа, зошто целосна Македонија не би станала една од автономните делови на српската федерација. Без сомнение тоа би било најдоброто решение; тоа ќе го отвори Солун за Србите, ќе ѝ го остави на Македонија природниот карактер, а со тоа ќе им се даде едно скромно задоволување на Бугарите и ќе ги привлече во федерацијата, во којашто Србите и Романците би биле најсилни членови и на која Солун ќе ѝ биде пристаниште, врата низ која ќе влегуваат влијанијата на Франција, Англија и Италија на Балканот за да создадат тука една противтежа на руското влијание, која неопходност ќе стане очигледна откако Русите ќе го заземат Цариград и Протоците.

Ние веќе рековме дека една автономна Албанија, организирана кантонално (во швајцарска смисла на зборот) би го нашла своето место во една автономна Македонија, во една установена балканска федерација.

Откога сето претходно ќе се стори, на крајот излишно би било да се зборува за многу важните економски можности што Македонија и Албанија можат да им ги понудат на претпријатијата од Англија, Франција и Италија.

Денешните држави, пред да станат национални агрегати, треба да имаат економски можности. Оној што го држи Солун е господар на Полуостровот и, се разбира, на неговата политичка иднина. Да го зачуваме Солун.

* * *

Решенијата треба да се проучат; тие ќе зависат од околностите, но важно е да се сфати идејата за користа и можноста од една автономна Македонија.

Од општа гледна точка тоа е единствениот начин во иднина на Балканскиот Полуостров да му се даде мир и просперитет.

Од гледна точка на Сојузниците, тоа е прекрасен залог и неопходна движечка сила за малку по малку да се воспостави ред на Балканот најпогоден за нивните интереси.

Од Грчка гледна точка тоа е начин за да се избегнат побарувањата и зависта на соседите, да се установи стабилен ред на Балканот каде што Србија ќе биде главна сила и да ѝ се обезбеди економски излез на Солун.

Од бугарска гледна точка тоа е единствениот начин да успееме да ја привземе во иднина кон една балканска организација, победена и направена безвредна Бугарија, но која ќе остане како еден силен и работен народ.

Од романска гледна точка тоа е пожелното решение за да ѝ се обезбеди на Романија еден трговски излез на Егејското Море, независен од Протоците што би станале руски.

Најпосле, од гледна точка на солунците, тоа е начин за да им се даде задоволување на легитимните аспирации на неговите жители; тие ќе станат најдобри пионери за една нова балканска федерација за која што се заинтересирани и повеќе од нас

* * *

Да внимаваме на сите решенија кои нема да доведат до востановување на доволно јаки сили за да ја зголемат пречката пред германскиот натиск. Не ни се потребни држави ситни како прашина на Балканот; тоа е желба на Германците некогаш формулирана од Бизмарка, туку една јака сила. Давајќи ѝ го Солун на која било мала балканска нација, да не ја пропуштиме приликата, но важната прилика, дека треба да создадеме на Балканот една сила способна да се смета во Европа како голема сила и да им влева почит како на Германците, така и на Русите. Во основата тоа би бил еден солиден српско-романски сојуз (од општо 25.000.000 жители) доволно силен за да му се присоедини Бугарија најнапред со договор, а подоцна, можеби, по федеративен пат. Грција малку ќе биде важна во иднината на Балканот. Таа за секогаш ја пропушти приликата да стане голема. Македонија ќе игра голема политичка и економска улога и ќе биде за Сојузниците средство преку кое тие ќе гледаат и ќе се мешаат во работите на Балканот, по нивната победа, кое (средство, А. А.) тие не ќе можат да го напуштат по победата, зашто скапо ги чинеше што еднаш го направија тоа.

Рене Пикар (René Piccard)

Александар АПОСТОЛОВ

# ОДИН НЕОБЪЯВЛЕННЫЙ ФРАНЦУЗСКИЙ ДОКУМЕНТ 1916 ГОДА О БАЛКАНАХ И АВТОНОМНОЙ МАКЕДОНИИ.

## Резюме


В конце 19 и начале 20 века, когда происходила поляризация двух империалистических блоков: Антанты и Центральных сил, усиливается интерес Франции к Балканскому полуострову. Особенно интенсивным он стал во время Балканской и Первой мировой войн.

Когда началась Первая мировая война, силы Антанты упорно настаивали на том, чтобы склонить Болгарию к нейтралитету или чтобы она вступила в войну на стороне Антанты и напала на Турцию, которая уже вела войну на стороне Центральных сил. Антанта обещала Болгарии часть Македонии по договору, который был подписан между нею и Сербией 29 февраля 1912 года. После всего этого, в 1915 году, Болгария вступила в войну на стороне Центральных сил. Армии Франции и Англии вели бой с болгарской армией на территории Вардарской Македонии, чтобы обеспечить отступление сербской армии по долине реки Вардар к Салоникам. Когда это им не удалось, армии Антанты отступили к Салоникам и вместе с сербской армией образовали Македонский фронт. Так началась позиционая война в этой части Балкан.

Что касается Средиземноморского бассейна и балканских военных действий, то ими руководило II бюро Военного Министерства Французской республики.

В своей концепции о будущем Балкан после окончания войны Франция искала способ для обновления Балканского союза 1912 года. Для его обновления самой проблемой был македонский вопрос. От изучения этого вопроса и от его реального решения, по мнению Франции, зависело и обновление Балканскогосоюза.

Для чего Франции нужно было обновление союза балканских государств?.

С помощью этого эвентуального союза Франция имела намерение препятствовать доминации Германии, Австро-Венгрии, а также и своему „великому" союзнику царской России на Балканах, особенно, если бы Россия заняла Босфор, Дарданелы и Константинополь. Таким решением балканского вопроса после войны Франция обеспечивала себе удовлетворение экономических интересов на Балканах.

Для нас важно, каким образом Франция думала решить македонский вопрос.

В документе, который принадлежит II французскому бюро Военного Министерства Республики Франции и который написал Рене Пикар, можно констатировать, что македонский вопрос был изучен французскими экспертами со всех его аспектов. Между прочим, в документе говорится, что македонцы похожи на другие балканские народы (более

или менее), но все же это особый народ. Когда же сравнивают македонцев с болгарами (как самых близких), то говорят и о тех чертах, которые очень различают эти два народа. Чтобы восстановить равновесие на Балканах, в этом документе предвидется федерация между Сербией, другими югославянскими народами, Албанией, Румынией и Македонией. В отношении Болгарии в этом документе говорится, что и она захочет стать членом такой федерации, чланом которой является Македония, а Салоники-главным портом, в котором заинтересованы все балканские государства. Греция не взята в состав такой федерации из-за ее переферийного географического положения и других соображений Франции.

Особая важность придается карте Македонии с ее „географической и этнической границами", которая и прилагается к этому документу.

19 Mars 1916

Europe

MINISTÈRE DE LA GUERRE

RÉPUBLIQUE FRANÇAISE

E.M.A
2e Bureau

19 Mars 16.

Remis à la Dn Politique le 10 Février 1917

Classement

A 381-1

Cher Monsieur,

Je vous envoie par pli ci-joint une note sur l'Avenir des Balkans complétée par une autre sur l'autonomie de la Macédoine. Malgré la terrible besogne qui vous incombe, puis-je vous demander de jeter un coup d'œil sur ces notes, surtout sur la seconde. — Et si un de ces jours vous aviez quelques minutes, je serais bien heureux de causer avec vous d'Orient. On me demande souvent mon avis sur ces questions et je tiens à être d'accord avec vous sur les grandes lignes et à connaître la direction générale de vos vues.

Croyez-moi, cher Monsieur, votre bien cordialement dévoué

René Pinon

12 Juin 1916

L' AVENIR BALKANIQUE

Il faut se représenter la péninsule des Balkans comme le croisement de deux routes qui de tout temps ont été suivies par les armées et le commerce: ce sont les routes de l'Histoire.

L'une, conduit d'Allemagne et des plaines de l'Europe Centrale vers Constantinople et l'Asie; c'est cette ligne Hambourg-Bagdad dans laquelle les Allemands voient l'axe du futur Empire germanique dominant le vieux monde. Un embranchement descend directement des plaines hongroises vers la Méditerranée par Belgrade, Nisch, Uskub et aboutit à Salonique.

L'autre route est celle qui conduit de la Méditerranée vers la Russie: c'est la route des Détroits. A côté du chemin maritime par les Dardanelles et le Bosphore, il existe aussi une route terrestre; c'est le "Danube Adriatique", dont une variante est le "Danube Salonique".

Ces deux routes se croisent dans la Péninsule des Balkans en deux points principaux:

1° à Constantinople;

2° à Sofia.

Tout l'objet de la politique des Alliés dans la Péninsule des Balkans est de fermer la première de ces deux grandes routes historiques ou, en d'autres termes, de couper l'expansion allemande vers l'Est en un point de la ligne Hambourg-Bagdad, - et d'ouvrir l'autre, celle qui assure à la Russie la

sortie .....

sortie sur la Méditerranée, la communication avec ses alliés, c'est à dire les Détroits. Tel est l'essentiel du problème difficile en face duquel les armées et les diplomaties alliées se trouvent dans la Péninsule des Balkans. A les bien considérer, toutes les autres questions sont fonction de celle là et en dépendent directement.

rçu
rique

Pour se rendre compte de la manière dont se pose aujourd'hui la question, il convient de commencer par un très rapide aperçu des évènements de ces dernières années.

En 1912, la diplomatie des Puissances qui sont aujourd'hui "les Alliés" avait gagné la partie et résolu en sa faveur le problème dans les termes où nous venons de le poser. Par la naissance d'une alliance ou d'une Fédération Balkanique on pouvait espérer que les Balkans formeraient un tout, "les Balkans aux Balkaniques", qui fermerait aux Allemands, tout au moins politiquement et militairement, la route de l'Est, la route historique du "Drang nach Osten"; les Allemands pourraient avoir des entreprises et des intérêts économiques dans l'Asie turque, ils n'y installeraient pas leur domination. D'autre part, il serait facile à la Russie, dans les conditions nouvelles créées par la victoire des Serbo-Greco-Bulgares sur les Turcs, d'obtenir un régime des Détroits qui, tout en respectant l'existence et la souveraineté de la Turquie, résoudrait la question des détroits conformément aux nécessités historiques et économiques de la politique russe. Une telle solution de la question des Détroits tiendrait compte des intérêts des autres puissances, la Roumanie notamment, qui n'a pas d'autre accès à la mer que ses ports de la mer Noire.

Ici se placent, dans la politique des "Alliés", une série de fautes qui, de la situation essentiellement favorable de

1912.....

1912, nous conduit à la situation défavorable de 1913 et 1914. L'heure n'est pas encore venue d'écrire l'histoire de la période comprise entre les deux guerres balkaniques. On peut cependant marquer les erreurs et les circonstances diverses qui changèrent complètement la situation à notre détriment.

Il aurait fallu, avant tout, que les diplomates russe, française et anglaise s'entremissent pour amener, au besoin pour imposer la conclusion rapide de la paix entre les alliés balkaniques vainqueurs et la Turquie. Le règlement du futur statut des Balkans ne devait pas être laissé au hasard et aux passions locales; c'était affaire européenne et, s'il entrait dans les vues austro-allemandes de brouiller les cartes et de prolonger le trouble, il était de l'intérêt évident de la Russie et de ses alliés de brusquer les solutions et d'imposer la paix.

Pendant cette période, la diplomatie austro-allemande travailla activement à Sofia et à Constantinople: à Sofia pour amener la dislocation de l'alliance balkanique; à Constantinople, pour galvaniser la Turquie et l'empêcher de faire la paix. Géographiquement et militairement, la Bulgarie représentait la force principale; elle tenait le point de croisement des routes balkaniques et les avenues de Constantinople. Le noeud de la question était naturellement à Sofia. La Serbie, en vertu de son histoire, de sa position et de ses aspirations, ne pouvait pas ne pas être l'ennemie de l'Autriche. Il n'en était pas de même de la Bulgarie.

La politique russe se montra dès le début maladroite: elle avait fait l'Entente Balkanique: elle prétendit la régenter. Elle ne sut pas cacher sa jalousie et son dépit en présence des succès bulgares; elle n'eut l'art ni d'en prendre de bon gré son parti, ni de les arrêter à temps. Ses sympathies et ses faveurs se tournèrent du côté de Belgrade ou M. de Hart-

vig......

vig excitait les ambitions serbes et préparait déjà le partage de l'Autriche. En France, où l'on avait d'abord applaudi trop bruyamment aux victoires bulgares et oublié les vieilles traditions et les intérêts séculaires qui nous liaient à l'Empire ottoman, on ne sut pas du moins conserver le bénéfice de cette attitude. Les sympathies de la diplomatie française s'éloignèrent de la Bulgarie; notre Ministre à Sofia, M. Paléologue, n'éclaira pas le Ministre des Affaires Etrangères sur la situation réelle dans les Balkans; des rancunes personnelles l'armaient contre le roi Ferdinand. On oublia les réalités pour faire de la politique de sentiment en faveur des Serbes qui, une fois déjà, au moment de l'annexion de la Bosnie, avaient failli nous entrainer dans les complications les plus graves,- et en faveur des Grecs qui, en réalité, n'étaient pas et n'ont jamais été une force.

La jalousie hellénique travaillait de son côté à la dislocation de l'Entente Balkanique: la Grèce ayant peu travaillé dans la guerre, voulait gagner beaucoup par la paix. La politique d'alliance avec les Bulgares, dont elle oubliait les avantages dès qu'elle les avait crus acquis, devenait pour les politiciens d'Athènes une "politique crétoise", la politique de Vénizelos, mais non pas la politique grecque. Athènes excita sous-main Belgrade contre Sofia et travailla à retarder la signature de la paix avec les Turcs.

Nous ne pouvons pas entrer dans le debat serbo-bulgare et analyser les circonstances complexes qui ont amené la seconde guerre balkanique. Un fait domine le débat: Jamais les Bulgares n'auraient consenti à faire la guerre aux Turcs s'ils ne s'étaient crus assurés d'y gagner la Macédoine, qu'ils considèrent, -à tort ou à raison, ce n'est pas le moment de le discuter,- comme une terre bulgare. Ils se croyaient assurés de cette possession par leur traité d'alliance et de partage signé .....

gné avec les Serbes. Les Bulgares ont fait la seconde guerre à l'instigation de Vienne, cela n'est pas douteux; mais ils l'ont faite aussi parce qu'ils sentaient qu'à Petersbourg les dispositions ne leur étaient pas favorables et qu'ils étaient informés du traité secret signé entre la Serbie et la Grèce pour un partage de la Macédoine où les intérêts bulgares seraient lésés. Les fautes de la diplomatie de l'Entente avaient été si grandes que la guerre était devenue à peu près inévitable. Avant d'en faire grief à ceux qui l'ont faite, il est juste d'en faire reproche à ceux qui n'ont pas sû l'empêcher.

Le traité de Bucarest consacre les erreurs et les incompréhensions de la Triple Entente. Il brise à jamais l'entente balkanique sous prétexte de fonder l'équilibre balkanique. Il trace des frontières absurdes, qu'il suffisait de regarder sur une carte pour reconnaitre précaires. Il sème comme à plaisir des conflits pour l'avenir. Au point où en étaient les choses au moment de la seconde guerre, il fallait: ou mettre la Bulgarie dans l'impossibilité de nuire ou de chercher une prompte revanche, il fallait la détruire; ou ne pas la maltraiter et lui assurer des compensations éventuelles en Macédoine pour tout progrès que les Serbes pourraient, dans l'avenir, faire vers l'ouest aux dépens de l'Autriche. Au lieu de cela, la Triple Entente s'aliéna les Bulgares sans les réduire à l'impuissance. Dans l'affaire de Cavala, on vit la Russie, par une sorte de pressentiment tardif du danger, intervenir en faveur des Bulgares tandis que l'Empereur Guillaume et le Cabinet de Paris insistaient pour que le port de Cavala restât aux Grecs. On a cru, par le traité de Bucarest, créer dans les Balkans un ordre de choses durable; on xxxxxxxxxx y a en réalité préparé les désastres qui ont suivi; on n'a pas réussi à mettre de notre coté les forces principales dont l'action pouvait être décisive.

La crainte .....

La crainte qu'a conçue l'Allemagne en 1912,en face de l'alliance balkanique,est l'une des causes déterminantes de la guerre de 1914; on n'en saurait douter surtout si l'on considère que les agissements de la Serbie victorieuse,en Bosnie et en Herzegovine,prolongeaient les anxiétés que la crise balkanique avait suscitées en Autriche et en Allemagne.

Tels sont les évènements qui précèdent la guerre actuelle et qui,dans une large mesure,ont contribué à la déchainer.Nous nous étions aliénés les deux forces réelles de l'Orient: la Bulgarie et la Turquie; nous faisions reposer nos espoirs sur l'alliance serbo-grecque,dont les évènements n'ont pas tardé à montrer la fragilité,et sur la Roumanie,qui jusqu'ici n'a pas répondu à notre attente. La Serbie seule représentait un allié utile,mais aussi un allié dangereux dont l'activité imprudente pouvait à chaque instant mettre le feu aux poudres.

La guerre européenne trouvait donc la Triple Entente dans la situation suivante: elle s'appuyait sur la Serbie,la Grèce et la Roumanie pour maintenir le Traité de Bucarest que la presse,et notamment la presse française,à l'instigation payée de la Grèce,ne cessait de proclamer intangible.La Turquie et la Bulgarie avaient des raisons sérieuses,nous l'avons vu,d' d'en vouloir à la Triple Entente et de s'attacher aux Puissances Centrales.Déja à cette époque,il est probable que la Turquie était liée au sort de l'Allemagne;on a affirmé que la Bulgarie avait,elle aussi,avec l'Autriche une convention qui aurait été signée au lendemain du traité de Bucarest.N'oublions pas,en effet,qu'au moment de la révision de la Constitution bulgare,le roi s'était fait donner la faculté de conclure, pour le bien de l'Etat,des traités diplomatiques sous sa seule responsabilité,

Dès que la Turquie fut entrée effectivement dans l'al-

